**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 26 ноември 2025 година**

**Скопје, ноември 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 26 ноември 2025 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:40 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, д-р Азир Алиу, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

1. Владата го разреши Бранко Аџигогов од должноста вршител на должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

2. Владата го разреши Сашо Клековски од должноста вршител на должноста директор на Фондот за здравственото осигурување на Република Северна Македонија.

2.1 Владата го именува Сашо Клековски за вршител на должноста директор на Фондот за здравственото осигурување на Република Северна Македонија, до именување на директор по распишан јавен оглас, но не подолго од шест месеци.

3. Владата го именува Амет Имери за вршител на должноста директор на Бирото за регионален развој, орган во состав на Министерството за локална самоуправа и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**Точка 2**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:45 часот.